**20160020084**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 4 став 2 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 04/15, 150/15, 173/15 и 192/15) и член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.209/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.1.2016 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 2016 ГОДИНА

## I. ПОЈДОВНА ОСНОВА

Остварувањето на социјалната заштита во Република Македонија во 2016 година се заснова на Законот за социјалната заштита, Законот за семејството, Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Законот за вработување на инвалидните лица, Законот за употреба на знаковниот јазик, Законот за инвалидски организации, Законот за цивилни инвалиди од војната, кривично правните прописи и други закони и подзаконски акти, со кои се уредени правата и услугите од социјалната заштита.

Со оваа програма поблиску се уредуваат подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението од социјална помош и заштита, социјалната превенција и средствата за остварувањето на социјалната заштита.

Со оваа програма се предвидува подобрување и развој на услугите и мерките од социјална заштита, согласно потребите на граѓаните.

Оваа програма се заснова на политиките и определбите на Владата на Република Македонија за 2016 година, со која се имплементираат стратешките приоритети на Републиката за тековната година, Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2016 година, Националната стратегија за деинституционализација во системот на социјална заштита во Република Македонија 2008-2018 година, Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија за 2016 година, Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на повратници во Република Македонија, согласно со реадмисионите договори, ревидираната Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018 година, Националната стратегија за старите лица 2010 – 2020 година, Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020 година, Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година, Програмата за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, Националниот акциски план за превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца и Акцискиот план за превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца и Буџетот на Република Македонија за 2016 година.

Во 2016 година ќе започне имплементацијата на новата Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2015-2025 година, согласно со Акцискиот план за спроведување во 2016 година.

Во остварувањето и развојот на социјалната заштита во 2016 година, значајно место ќе имаат меѓународните документи, конвенциите и препораките, меѓу кои се: Стратегијата за социјална кохезија на Европскиот комитет за социјална кохезија, Милениумските

развојни цели на ОН во делот на првата развојна цел: намалување на сиромаштијата и други препораки врз основа на кои ќе се врши постапно приближување кон законодавството на ЕУ.

## II. ПОДРАЧЈА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Социјалната заштита се остварува преку систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита.

Социјалната заштита во 2016 година ќе се реализира преку обезбедување на:

- услуги и мерки за социјална превенција, вонинституционална заштита и институционална заштита за граѓаните кои се изложени на основните социјални ризици и
- права на парична помош од социјална заштита, и тоа:
- социјална парична помош,
- постојана парична помош,
- парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа,
- парична помош на згрижувач,
- паричен надоместок за помош и нега од друго лице,
- еднократна парична помош и помош во натура,
- надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот,
- додаток за глувост,
- парична помош на самохран родител кој има дете со пречки во развојот,
- парична помош за социјално домување,
- право на здравствена заштита и
- додаток за слепило и мобилност.

Во 2016 година се предвидува да бидат опфатени со услугите и мерките на социјалната заштита следниве корисници на социјална заштита:

- малолетни лица:
- без родителска грижа до 18 годишна возраст,
- деца во ризик,
- малолетни лица со воспитно социјални проблеми,
- ставени под старателство,
- сместени во згрижувачко семејство,
- сместени во установи за социјална заштита,
- сместени во дневен центар за деца на улица,
- сместени деца во дневен центар за деца со пречки во развојот,
- возрасни лица
- лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, до навршување на 26 години,
- бездомни лица,
- жртви на семејно насилство,
- корисници на дрога,
- лица со инвалидност,
- стари лица,
- возрасни лица ставени под старателство,
- сместени во згрижувачко семејство,

- лица со попреченост во менталниот развој над 18 години, сместени во станбени единици за организирано живеење со поддршка,
- сместени во установи за социјална заштита за стари лица,
- сместени во установи за социјална заштита,
- лица од семејства со нарушени односи во семејството,
- возрасни лица со општествено негативни навики,
- лица со признат статус на бегалец и лица под супсидијарна заштита, нови баратели на азил сместени во установа, лица вратени по однос на договори за реадмисија и
- други полнолетни лица корисници на услуги.

Корисниците на социјалната заштита се корисници на парични права од социјална заштита и корисници на социјални услуги за згрижување во установа за социјална заштита, вонинституционална заштита и друг вид на услуги и мерки, согласно со Законот за социјалната заштита.

Во рамките на реформските процеси во социјалната заштита, ќе се реализира Програмата за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2015/2016 и за учебната 2016/2017 година, со цел подобрување на пристапот и квалитетот на образованието за учениците во средното образование од домаќинствата, корисници на право на социјална парична помош. Со оваа програма, ќе се обезбедат дополнителни парични надоместоци за учениците, кое право е условено со запишување и посетување на средното образование и има за цел да го зголеми бројот на лица запишани во средно образование од домаќинства - корисници на правото на социјална парична помош, како и реализацијата на задолжителното средно образование во Република Македонија. Средствата за спроведување на оваа програма се обезбедени преку Договор за заем со Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во текот на 2016 година, ќе продолжи имплементацијата на мерките за намалување на енергетската сиромаштија за корисниците на социјална парична помош и постојана парична помош, преку Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија.

Ќе започне реализацијата на Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со најмалку 80% инвалидност на долните екстремитети, лица со умерена, тешка и длабока ментална попреченост за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица, има за цел да овозможи полесен пристап до автомобил на корисниците, а со тоа и нивна полесна мобилност и социјална вклученост во заедницата. Со оваа програма ќе се обезбедат средства за рефундирање на трошоци платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил од корисниците во текот на 2016 година.

## III. ПОТРЕБИ НА НАСЕЛЕНИЕТО И СОЦИЈАЛНАТА ПРЕВЕНЦИЈА

### 1. Развој на социјалната заштита

Имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, ќе ја следи и оценува Координативно тело, врз основа на донесениот Оперативен план за имплементација оваа програма за 2016 година.

Во 2016 година ќе продолжат активностите за изготвување на нова регулатива за социјално претприемништво.

2. Справување со сиромаштијата и социјалната исклученост

Ќе продолжи имплементацијата на ревидираната Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020 година, така што ќе се изготви и реализира Оперативен план за 2016 година со конкретни мерки и активности, а во насока на реално утврдување на локалните проблеми и потреби на граѓаните, со посебен акцент на преземање на конкретни активности на локално ниво.

Процесот на деинституционализација на лицата со попреченост во менталниот развој, во 2016 година ќе продолжи со функционирање на постоечките 16 станбени единици за организирано живеење со поддршка и тоа 9 станбени единици во Неготино и 7 станбени единици во Град Скопје, во кои се сместени вкупно 76 корисници со попреченост во менталниот развој над 18-годишна возраст.

Во 2016 година се планира отворање на уште една станбена единица за организирано живеење со поддршка, во која ќе се сместат до 10 корисници.

Услугата организирано живеење со поддршка во 2016 година, ќе ја обезбедува здружение, кое ќе биде избрано на јавен конкурс.

Во Детскиот дом „11 Октомври – Скопје, ќе продолжи функционирање на четири станбени единици со поддршка од стручни лица, за децата без родители и родителска грижа на начин близок на семејното живеење.

Согласно Програмата за работа на патролни социјални работници, во 2016 година се планира да се прошири оваа услуга во уште една општина.

Министерството за труд и социјална политика, почнувајќи од 2007 година, во континуитет го имплементира проектот „Народни кујни", а согласно со Програмата на Владата на Република Македонија за 2016 година ќе се отворат 2 народни кујни во Општина Дебарца и Општина Лозово.

Во 2016 година ќе продолжи имплементацијата на Програмата за работа на патролни социјални работници и ќе се прошири во уште една општина на територијата на Република Македонија. Со имплементацијата на оваа програма, ќе се зголеми пристапот до социјалните услуги на ранливите групи на граѓани во Република Македонија.

Во 2016 година ќе продолжат активностите за изградба на пристапни рампи, лифтови и подвижни платформи во институциите од јавен карактер.

Комисијата за развој и афирмација на знаковниот јазик, ќе продолжи со активности за негово унапредување од лингвистички, фонолошки и морфолошки аспект, синтакса и негова стандардизација, согласно со Законот за употреба на знаковниот јазик. Обезбедена е финансиска поддршка на Комисијата при Сојузот на глуви и наглуви на Македонија за организирање на обуки за изучување на знаковниот јазик, која ќе организира обуки за изучување на знаковниот јазик и за граѓани коишто сакаат да го изучуваат знаковниот јазик, така што бројката од постојните 12 сертифицирани толкувачи на знаковен јазик ќе биде зголемена и рамномерно распределена во различни региони од државата.

Се планира подобрување на вонинституционалната заштита на деца со пречки во развојот преку отворање на Дневен центар за деца со аутизам во општина Велес, Дневен центар за деца со попреченост во општина Неготино, Дневен центар за деца со попреченост во општина Македонска Каменица и Дневен центар за деца со попреченост во општина Чаир, како и во други општини во зависност од потребите и можностите.

Во функција на подигнување на грижата кон старите лица, имплементација на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година ќе се спроведе согласно со Оперативен план за 2016 година, во кој активностите ќе се насочат особено кон проширување на мрежата на дневни центри за стари лица во Општина Штип и Општина Прилеп, како и во други општини во зависност од потребите на корисниците.

Во насока за подобрување на состојбата со институционалната заштита на старите лица, во 2016 година ќе започнат активности за изградба на Дом за стари лица во Општина Гази Баба.

Исто така, ќе се продолжи со мерките и поволностите за поттикнување на изградба на приватни домови за социјална заштита на стари лица.

Социјалната заштита на децата во ризик, ќе се рализира во насока на почитување на стандардите за социјална интеграција во општеството и почитување на правата на децата утврдени со Конвенцијата за правата на децата на ООН. Во оваа насока, ќе се јакнат

капацитетите на стручните лица во установите за социјална заштита за превенција и имплементација на Законот за правата на децата и ќе се направат напори за развивање на специјализирани згрижувачките семејства за деца во ризик, отворање на едукативни центри за групна работа со родители и воведување на менторство, како една од мерките за помош и заштита на децата во ризик и децата во судир со законот.

### 3. Активности поврзани со приближување на законодавството во областа на социјалната заштита кон законодавството на ЕУ

Во доменот на социјалната заштита, континуирано ќе се следат документите, практиките и препораките на ЕУ, со цел истите постапно да бидат имплементирани во системот на социјалната заштита.

Во текот на 2016 година, имплементацијата на ревидираната Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020 година, ќе се следи преку воспоставениот национален координативен механизам за прашања поврзани со политиките за социјално вклучување во Република Македонија.

Во текот на 2016 година, ќе се започне имплементацијата на Националната стратегија за превенција, спречување и заштита од семејно насилство 2016-2020 година.

Национално координативно тело против семејно насилство ќе ги следи и анализира состојбите со семејното насилство, ќе ги координира активностите на надлежните институции и ќе предлага мерки за унапредување на националните политики и мерки за имплементација на националните политики.

Воспоставеното Национално координативно тело, ќе продолжи со следењето на имлементацијата на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година, преку донесен Оперативен план за спроведување на мерките за 2016 година.

### 4. Тековни активности во социјалната заштита

Во областа на социјалната заштита се спроведуваат активности во насока на подобрување на заштитата на граѓаните, подобрување на квалитетот на услугите и социјалната превенција.

- Спроведување на Акциски план за превенција и справување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија и Национален акциски план за превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца

Во 2016 год ќе се продолжи со активностите предвидени во Акцискиот план за превенција и справување со сексуалната злоупотреба на деца и педофилија и Националниот акциски план за превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца.

- Вклучување на здруженија, на приватната иницијатива и на физички лица во социјалната заштита.

Ќе продолжи соработката со инвалидските организации и националните сојузи на лица со инвалидност на Република Македонија, согласно со одредбите од Законот за инвалидски организации.

По заокружувањето на законските прописи со кои се создадени услови за вклучување на невладиниот сектор во вршењето на одредени работи од социјалната заштита, во 2016 година, Министерството за труд и социјална политика, ќе продолжи со активности за развивање на партнерски однос со здруженијата. Бројот на договорените партнерства ќе биде во зависност од расположивите буџетски средства, додека изборот на здруженијата на кои ќе им биде доверена одредена социјална функција, ќе се спроведе по објавен конкурс, со целосно почитување на транспарентноста на постапката.

Ќе се настојува, партнерски однос за одредени работи од социјалната заштита да се изгради и со физичи лица кои ги исполнуваат пропишаните законски услови.

- Социјална заштита на бегалци, азиланти, внатрешно раселени лица и повратници од реадмисиони договори

Покрај редовната грижа за внатрешно раселените лица, активностите на Министерството за труд и социјална политика и понатаму ќе бидат насочени кон програми со кои ќе се стимулира враќањето на овие лица во местото на живеење и трајно решавање на проблемот на одреден број на внатрешно раселени лица. Во однос на бегалците, односно лицата со признат статус на бегалец и лица под супсидијарна заштита, Министерството за труд и социјална политика и Центарот за интеграција на бегалци и странци ќе преземат мерки за олеснување на процесот на интеграција на овие лица, согласно со новиот Акциски план за имплементација на Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2015-2025 година и Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија за 2016 година. За сите овие лица, во текот на 2016 година ќе се направат напори за имплементација на поголем број на активности предвидени со Акцискиот план за интеграција на бегалци и странци и Програмата.

За лицата вратени во однос на договорите за реадмисија, кои при враќањето се судираат со одредени проблеми во рамки на "Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на повратниците во Република Македонија согласно со реадмисионите договори" предвидени се сет мерки и активности, со кои ќе им се овозможи олеснет пристап на овие лица до социјалните права.

- Инспекциски надзор

Со инспекцискиот надзор во социјалната заштита, во 2016 година се очекува понатамошно активно спроведување на надзорот над применувањето и спроведувањето на законските прописи, со кои се уредени работите од социјалната заштита, надзор над остварувањето на правата и исполнувањето на обврските на корисниците на правата, исполнување на условите за вршење на дејности од социјалната заштита, предвидени со Законот за социјалната заштита. Од работата во инспекцискот надзор се очекуваат понатамошни позитивни резултати, особено во примената на Законот во делот на парична помош од социјална заштита и социјалните услуги.

## IV. СРЕДСТВА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Средствата за остварување на Програмата за социјална заштита за 2016 година во Буџетот за 2016 , се предвидени на Раздел 150.01, на следниве буџетски подпрограми:

1. Потпрограма 40 – Центри за социјална работа и Завод за социјални дејности. Во 2016 година на оваа потпрограма, се предвидени буџетски средства во износ од 502.399.000 денари средства од основен буџет, средства од основен буџет ( приходи ) во износ од 950.000 денари, средства од самофинансирачки активности во износ од 2.650.000 денари и средства од донации во износ од 1.150.000 денари.

2. Потпрограма 41 – Дневни центри и прифатилишта за вонинституционална социјална заштита. Во Буџетот за 2016 година, на оваа потпрограма се планирани 95.391.000 денари средства од основен буџет, средства од самофинансирачки активности во износ од 2.060.000 денари и средства од донации во износ од 2.700.000 денари.

3. Потпрограма 42 – Установи за институционална социјална заштита. Во Буџетот за 2016 година на оваа потпрограма се планирани 236.921.000 денари средства од основен буџет, средства од основен буџет ( приходи ) во износ од 19.900.000 денари, средства од самофинансирачки активности во износ од 50.350.000 денари и средства од донации во износ од 3.500.000 денари.

4. Потпрограма 44 – Програма за условени парични трансфери. Во Буџетот за 2016 година на оваа потпрограма се планирани средства од заем од Светска банка во износ од 180.000.000 денари и средства од основен буџет (приходи) во износ од 530.000 денари.

5. Потпрограма 4А – Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита. Во Буџетот за 2016 година на оваа потпрограма се планирани 11.500.000 денари.

6. Потпрограма 50 – надоместоци за социјална заштита. Во Буџетот за 2016 година на оваа потпрограма се планирани 3.920.000.000 денари за социјални надоместоци на ставка 471, 106.000.000 денари трансфери до Фондот за здравствено осигурување на ставка 433 и 70.700.000 денари за енергетска сиромаштија на ставка 464.

а) На ставката 471-Социјални надоместоци во износ од 3.920.000.000 денари, ќе бидат распоредени за:

Постојана парична помош - се исплаќа на лицата кои се неспособни за работа и материјано необзбедени, кои не можат да остварат средства за егзистенција согласно со други прописи. Во 2016 година се очекува бројот на овие корисници да изнесува 5.800 корисници, при што висината на ова право ќе се зголеми за 5% отпочнувајќи со исплатата на ова право во месец јули 2016 година. За исплатата на постојаната парична помош ќе бидат реализирани 357.000.000 денари;

Социјална парична помош - се исплаќа на домаќинства чии членови се способни за работа, но се материјално необезбедени. Во 2016 година се очекува да бидат опфатени околу 32.000 домаќинства, при што висината на ова право ќе се зголеми за 5% отпочнувајќи со исплатата на ова право во месец јули 2016 година. За исплатата на социјалната парична помош ќе бидат реализирани 1.210.000.000 денари.

Паричен надоместок за помош и нега од друго лице - се исплаќа на лица над 26 годишна возраст, кои не можат да ги вршат основните животни потреби без помош од друго лице (лица со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лица со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепи лица, како и лица со трајни промени во здравствената состојба). Во 2016 година се очекува правото да го стекнат просечно околу 26.500 корисници. Потребните средства за задоволување на правото ќе изнесуваат 1.585.000.000 денари.

Право на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот - ова право кое е утврдено со Законот за социјалната заштита и со Законот за работни односи, го остварува еден од родителите на хендикепирано дете, доколку родителите се во работен однос. За оваа намена во 2016 година се предвидени 4.700.000 денари.

Еднократна парична помош и помош во натура - ова право можат да го остварат лица или семејства коишто се нашле во положба на социјален ризик заради претрпена природна непогода, епидемија, смрт, подолго лекување или друга социјална загрозеност, како и дете или младинец без родители или родителска грижа по напуштање на установата или згрижувачкото семејство. За оваа намена во 2016 година се предвидени 26.000.000 денари.

Право на домување -право на паричен надоместок за домување согласно со Законот за социјалната заштита има лице без родители и родителска грижа до 18 годишна возраст, односно по престанување на старателството најмогу до 26 годишна возраст. Паричен надоместок за домување се обезбедува и за лицата со признат статус на бегалец, согласно со одредбите од Законот за азил и привремена заштита, се до периодот на преземање на оваа одговорност од страна на локалната самоуправа. За оваа намена во Буџетот за 2016 година се предвидени 1.600.000 денари.

Парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа - со правото можат да се стекнат лицата со стекнат статус на дете без родители и родителска грижа, доколку по полнолетството се без средства за егзистенција,

односно се на редовно школување, до навршување на 26 годишна возраст. Во рамките на ова право, се обезбедува и дополнителна помош за лицата кои се запишани по прв пат на студиска година од прв, втор и трет циклус - докторски студии, како редовни или вонредни студенти на јавните високообразовни установи. Во 2016 година, вкупниот број на овие корисници се предвидува да изнесува околу 180 лица. За оваа намена во Буџетот за 2016 година се предвидени 47.000.000 денари.

Правото на додаток за слепило се обезбедува за потполно слепо лице над 26 годишна возраст, а правото на додаток за мобилност се обезбедува на лице над 26 годишна возраст со 100 % телесен инвалидитет или лице со квадриплегија, лице со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој и коешто без помош на инвалидска количка не може да ги задоволи основните животни потреби, утврдени од стручен орган и со решение на центарот за социјална работа. Додаток за глувост се обезбедува за тотално глуво лице со навршени 26 години, коешто има потполно згасната слушна перцепција и истото не може да ги задоволи своите животни потреби без толкувач на знаковен јазик. За оваа намена во Буџетот за 2016 година се предвидени 634.100.000. денари.

Право на надоместок за трошоци за сместување и надоместок за згрижување на сместеното лице во згрижувачко семејство- ќе се исплатува на семејствата кои во семејството ќе згрижат лице, корисник на социјална заштита. Ова право во 2016 година се предвидува да го остварат околу 180 семејства кои ќе згрижат околу 290 лица, за што се предвидени 42.000.000 денари;

Сместување во ученички домови или други установи на деца без родители и родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин; дете со воспитно-социјални проблеми (занемарено, злоставувано и социјално необезбедено дете) и дете со нарушено поведение, а за кои центарот ќе оцени дека установата може да обезбеди чување, воспитување, образование и нормален развиток на детето. За оваа намена во Буџетот за 2016 година се планирани 1.600.000 денари.

Партиципација за здравствена услуга во специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита согласно Законот за здравствено осигурување за корисници децата со посебни потреби, корисници на постојана парична помош, лицата сместени во установи за социјална заштита и во друго семејство, кои остваруваат право на здравствена заштита според прописите за социјална заштита. За оваа намена во Буџетот за 2016 година се планирани 10.000.000 денари.

Парична помош за згрижувач за лица кои по престанокот на згрижување лица во своето семејство, не се вработени и не оствариле право на пензија. За оваа намена во Буџетот за 2016 година се планирани 1.000.000 денари.

б) На ставката 433-Трансфери до Фондот за здравствено осигурување на Македонија во износ од 106.000.000 денари, ќе бидат распоредени за остварување право на здравствена заштита на корисниците на социјална заштита на следниве права: постојана парична помош, сместување во згрижувачко семејство, паричен надоместок за помош и нега од друго лице, сместување во установи за социјална заштита, парична помош на лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, лице-жртва на семејно насилство за кое се презема мерка на заштита согласно со Законот за семејството и лице опфатено со организирано самостојно живеење со поддршка.

в) На ставката 464 – разни трансфери, дел од средствата во износ од 70.700.000 денари се наменети за програма за субвенционирање на електрична енергија.

7. Потпрограма 51 – надоместоци за цивилни инвалиди од војната. Во Буџетот за 2016 година на оваа потпрограма се планирани 87.600.000 денари.

8. Потпрограма 54 – надоместоци за заштита на бегалци и азиланти. Во Буџетот за 2016 година на оваа потпрограма се планирани 29.000.000 денари. Средствата на оваа потпрограма се наменети за: исплата на права за лицата со признат статус на бегалец, лицата под супсидијарна заштита и баратели на азил, надоместок на правата за внатрешно раселените лица и лица вратени по основа на договорите за реадмисија.

Распределбата на финансиските средства наменети за социјална заштита е направена во согласност со обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2016 година, со напомена дека во 2016 година ќе се измират и неизмирените обврски по основа на правата од 2015 година.

V. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-10423/1-15
5 јануари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.